# Тодорче Атанасов



# Тодорче Атанасов

12. 06. — 4. 07. 1984

МУЗЕЈ
НА СОВРЕМЕНАТА
УМЕТНОСТ
СКОПЈЕ

---

MUSEUM
OF CONTEMPORARY ART
SKOPJE

Изложбата Современи македонски уметници — Млада генерација IV[1] најави и потврди извесен број талентирани автори. Меѓу нив се издвојуваше и Тодорче Атанасов, по своите сликарски и графички решенија, добивајќи ја за тоа една од четирите награди за самостојно претставување во Музејот на современата уметност. Оваа награда и ваквиот став на Музејот е значаен момент и добар повод за поцелосно презентирање на новиот ветувачки потенцијал, а истовремено стимул и предизвик за младиот творец кој стапува на ликовната сцена.
Уметникот го прикажуваме пошироко — низ неколку медиуми на неговиот творечки израз, во кој сликарството зазема особено место, а графиката и цртежот се јавуваат исто така како активна димензија. При тоа настојувавме да ги назначиме и битните моменти на досегашното творештво, за да се согледа патот и начинот на асимилирањето на академските сознанија и на севкупното сликарско наследство, што резултираше последните дела на авторот да добијат белези блиски до најновиот ликовен тренд. Сензибилитетот и карактеристиките содржани во овие творби само се допираат до поширокиот контекст на актуелното уметничко експериментирање. Промените настанати кон крајот на 70-те и почетокот на 80-те носат отстапувања од искуствата на минатата деценија, што се карактеризираа особено по употребата на различните технички медиуми. Сега уметниците се свртуваат кон сликарската практика, кон потесното материјално сликарско и мануелно искуствено ниво, за да се истакне и афирмира повторно уметниковата сетилност, имагинација, експресивност и можност за движење по трагите на сопствената фантазија, без идеолошки, односно социјално-политички рефлексии. Ваквиот однос, предизвикан и од слободата во изборот на иконографскиот репертоар на изминатите стилови, свесниот електицизам и дословното цитирање, со поекстремни насоки, нагласена ироничност и агресивност, придонесе за непостоење на една линеарна состојба. Опфатена е (кај нас) под терминот „нова слика", со референци и на експресионистичката и класичната традиција, но со поредуктивен говор издигнат на ниво на симболи, чии одлики на некој начин ја отежнуваат определбата и стилската анализа.
Во оваа новонастаната ситуација, карактеристична и за словенечката ликовна средина, во која Атанасов се школуваше и во која твори, сликата, и покрај новите појмовни ликовности на изминатата деценија, не беше исфрлена од репертоарот и претставуваше рамноправен медиум на изразување. Тој не можеше да остане индиферентен, особено кон третманот на модерната фигуралика, која зад себе има богата традиција, движејќи се главно меѓу експресионизмот, магичниот реализам и надреализмот. При тоа не треба да се превиди и богатата графичка продукција во Словенија со високи естетски и технички вредности. Од овие релативно големи можности и можностите што се нудат на студентите на Академијата за ликовна уметност во Љубљана, тој го изнајде и одбра она што беше најблиску до неговиот сензибилитет, а тоа е ликовната проблематика на фигурата.
Работата на Атанасов во последниве неколку години, како што веќе напоменав, коинцидира со духот на времето, не вклопувајќи се сосема со претходно дефинираните моменти, бидејќи во прашање е нова фаза во уметниковиот опус, која е во континуитет со минатата. Иако во овие дела можат да се забележат низа реминисценции, тој го истакнува своето чувство за индивидуализам, следејќи ги сопствените емоционални набои што го приближуваат до своевиден експресивен израз.
Исклучив субјект во неговите творби е човечката фигура, односно актот, како прастар иконографски вид и еден од најексплоатираните мотиви со значајна улога во историјата на уметноста. Во своите почетоци тој ги проживува искуствата од Академијата, примајќи сличен репертоар на влијанија, кои апелираат на историската авангарда на овој век. Особено се евидентни сегментите на фовизмот и тоа при интегрирањето на ликот во позадината, на која посебно обрнува внимание при обработката, нагласувајќи ја нејзината улога за разлика од поновите остварувања. Тоа се осамени фигури, фатени во статична положба и со Беконовска транспормација на ликот. Во понатамошните размислувања, пред сè, на графичките листови, ги симплифицира поединечните или во група претставени фигури, со површински третман на основните облици, а силата на потегот е зголемена преку острите и аглести прекршувања на формите.
Овие дела ги навестуваат најновите творечки решенија, кои остануваат во делокругот на неговите мотивации, но со поинакви креативни намери, така што суштината на ова творештво не ја наоѓаме само во одбраниот предмет — човечката фигура, туку и во особеностите на облиците. Актовите сега се компонирани во поинтегрални целини, видени од необичен агол и внесени во една екстатична еротска игра, додека самиот нивни распоред станува цел сам за себе, за да се достигне и формалниот визуелен склад. Токму овде се рефлектира чувството за експресивен сликовен израз, што е надополнето и со драматичното изобличување на формите. Композициите се изградени од женски и машки актови, раздвижени на нејасната и скоро празна позадина, остварувајќи при тоа контакт преку допири, но не со впечаток на длабока меѓусебна поврзаност, туку со цел да се акцентира сексуалниот импулс. Преку овој начин на проникнување на самите актови, без фундамент и без посебен амбиент, како да сака да го истакне неговиот интерес кон истражување на чулноста на голиот човечки лик, а и кон спознавање на неговиот емотивен потенцијал. Телата

---

1 Презентирана во Музејот на современата уметност — Скопје во текот на 1982, инаку традиционална манифестација што се одржува секоја петта година.

се предадени во одбрани, напнати пози, со бујна разузданост на формите, што ја открива слабо прикриената еротичност, а во кои покрај нагласената деформација, доведена и до гротескно искривување, не е игнорирана привлечноста. Деформацијата ја постигнува потенцирајќи ја масата, пореметеноста на пропорциите и анатомијата (иако е евидентно нејзиното познавање), преку предимензионираните огромни екстремитети наспроти ситните глави, на кои најчесто им е дадена класична строгост. Ваквиот начин на монументална обработка ја потенцира не баш наивната сензуалност, како и иронично-експресивно поставената ситуација. Наведените атрибути, посебно масивната композиција, необично поставените положби на телата и нивното изобличување, го одразуваат својството на фантазија содржано во делата.

При согледувањето на формалните сликарски аспекти, на кои особено инсистира, веднаш можат да се препознаат повеќе референци, што нѐ водат на изворите на минатото, поконкретно на големите мајстори на XX век. Класичниот манир на Пикасо и откритијата на Матис врзани за потенцијалот на фигурацијата со апстрактниот простор и на неговите пиктурални решенија, претставуваат матрица на која уметникот индиректно се надоврзува. На моменти тој и еклектички се повикува на ова духовно наследство, што се рефлектира и во општиот менталитет на делото, но со сензибилитет кој останува автентично негов. Во овие еротски содржини голиот лик го сведува, пред сѐ, на сигурен цртеж, чија енергичност ја изразува самата бит на масите, нагласувајќи ја истовремено и напнатоста на мускулатурата. Тоа се цврсто моделирани актови со дебели контурни линии повлечени преку просторните површини на боите. Тежината на јасно изразената контура е урамнотежена со едноставните, но привлечни обоени полиња. Бојата ја губи функционалната улога, но затоа со својот надразлив карактер, стапува во играта на композицијата за да ја зајакне снагата на делото. Атанасов свесно настојува да создаде особено и необично визуелно доживување, со интензитет постигнат преку инсистирањето на пиктуралната естетика, посебно преку невообичаениот спој на расчленетата површинска разработка со нагласените контури чија функција е да ги навестат телесните форми, кои изгледаат како да се изваjани во еден ритам, дополнет со ритамот на боените полиња. За да се концентрира на ефектите на волуменот, создаден со ваквиот линеарен третман, тој ја ограничува својата палета. Сведувањето на неколку светли и најчесто розеникави тонови, што придонесуваат за едноставната хармонија на композицијата, резултира со површинска декоративна колористичка слика. Површинската практика на јазикот е продукт и на функцијата на просторот, кој сам за себе не опишува длабочина, туку се укажува како дводимензионален носач. Но, цврстината на фигурите кои всушност постојат и се движат во него, доловуваат илузија на длабочина и светлост, постигнувајќи го тоа и преку обоените форми, додека нивното драматично искривување го истакнува празниот простор околу нив. Воспоставената власт над непрекинатата линија, напнатите облици и над масата, фигурите ги прави лежерни, поставени на несигурна подлога, која на моменти е цврста. Во формална и во колористичка смисла снажните композиции од женски и машки фигури не го евоцираат само современиот живот, туку овие декоративни и сугестивни актови делуваат како да не припаѓаат на некое одредено време — претворени се во симбол.

Претходно изнесените искуства авторот ги надоврзува и во своите цртежи и графики, задржувајќи ја посебно драматиката на сликите. Од ракописот на цртежите избива поизразита сензуалност и поистанчана рафинирана линеарна техника. Линијата на тушот со спонтани движења ги опфаќа облиците при што нејзиниот карактер отсликува поголема еротска привлечност и на глетката и на поединечните актови.

За разлика од цртежите, графичките листови на прв поглед делуваат како „груби" скици, со колористички акценти применети на начин како на платната, но сепак со орнаментални набои. Во склад со неговиот темперамент е вербата во цртежот, пренесен во длабок комбиниран печат, и во едноставно обоените површини, чие вкупно дејство заедно со подлогата создаваат лебдечка и делумно архаична атмосфера.

Низ сите три медиуми на неговото изразување провејува еден ист дух, модифициран во рамките на самиот медиум, а поистоветен со времето и просторот во кој авторот создава. Дух кој сам по себе подразбира најразлични варијации и натамошни надградби во потрагата на сопствените карактеристики и интимни белези.

Марика Бочварова Плавевска



5. Фигура III, 1978, масло на платно





10. Спортистка, 1979, масло на платно
2. Цртеж II, 1982, туш





24. Фигури II, 1983, бакропис во боја-акватинта
22. Фигури, 1983, бакропис во боја-акватинта



21. Фигури 83, 1983, бакропис во боја-акватинта





20. Мои пријатели II, 1983, сува игла
25. Фигури III, 1983, бакропис во боја-акватинта





23. Две фигури, 1984, масло на платно
16. Фигури I,1983, масло на платно



21. Женски акт, 1984, масло на платно



17. Фигури II, 1983, масло на платно

## ТОДОРЧЕ АТАНАСОВ

Роден на 28. VIII 1953 во Св. Николе. Академија за ликовна уметност и специјалка за сликарство завршил во Љубљана во класата на проф. Јанез Берник 1977 и 1979, а специјалка за графика во класата на проф. Богдан Борчич 1982.
Адреса: Горњи трг 30, 61000 Љубљана

Самостојни изложби

1976 Марибор, Mladinski izložben salon AVLA, 9—25. XII
1982/83 Љубљана, MGL, 4. XI 1982 — 14. I 1983
1983 Љубљана, (заедно со Драго Бац, Франц Возел и Цвето Злате), Mestna galerija, 22. VIII — 21. IX
Љубљана, Galerija DSLU, 8.—27. IX

Групни изложби

1976 Љубљана, Изложба на АЛУ, Mestna galerija 24—30. VI
1976/77 Мантова, Белград, Единбург, на изложбите на АЛУ
1977 Љубљана, Изложба на студентите — добитници на Прешернова награда, Stolpnica Iskra, 7—19. III
Ивањица, Прва југословенска колонија на младите, Kulturni centar Ivanjica, V—VI
Љубљана, Изложба на АЛУ, Mestna galerija, 23—30. VI
1978 Љубљана, Изложба на АЛУ, Mestna galerija, 22—30. VI
Љубљана, Изложба на студентите — добитници на Прешернова награда, Mestna galerija, 3—22. VIII
Љубљана, Изложба на студентите на АЛУ, Poslovni center Iskre, 21. XI — 16. XII
1979 Љубљана, Изложба на АЛУ, Mestna galerija, 25. VI — 1. VII
Риека, 10. биенале на младите, Moderna galerija, 28.VI — IX
Пула, Пулски ликовни успони, Foaje kazališta, 25. VII — 5. VIII
Тузла, IV изложба на југословенски портрет, Galerija jugoslovenskog portreta, 2. X — 30. XI
Белград, Изложба на студентите на АЛУ, Dom kulture — Studentski grad, 6—27. XI
Љубљана, Изложба на графики на Академијата за ликовна уметност по повод 60-годиni на Универзитетот „Едвард Кардељ“ во Љубљана, Poslovni center Iskre
1980 Љубљана, Изложба на млади словенечки уметници, Moderna galerija, 20. III — 20. IV
Љубљана, Изложба на АЛУ, Mestna galerija, 24—30. VI
Пула, Пулски ликовни успони, Galerija Gradska palača, 23. VII — 2. VIII
Цетиње, 14. изложба на ликовниот салон Тринаести ноември, Vladin dom, 12—22. XI
1980/81 Љубљана, Изложба на ДСЛУ, Likovno rastavišče Rihard Jakopič, 16. XII 1980 — 11. I 1981
1981 Љубљана, 14. меѓународно графичко биенале, Moderna galerija, 12. VI — 15. IX
Риека, 11. биенале на младите, Moderna galerija, 2. VII — IX
Никшиќ, 3. септемвриски ликовен салон на младите, 17. IX
Битола, 4. триенале на современата југословенска графика, Уметничка галерија „Моша Пијаде“, 27. XI — 27. XII
1982 Скопје, Современи македонски уметници — млада генерација IV, Музеј на современата уметност, 16. III — 4. V
Шибеник, 2. мајски салон на младите, Velika sala doma JNA, V—VI
Љубљана, Изложба на АЛУ, Mestna galerija, 25. VI — 4. VIII
Љубљана, Изложба на цртеж и графика на студентите на АЛУ, Poslovni center Iskre, VI
Тузла, 2. интернационален биенален фестивал на портрет - цртеж и графика, Galerija jugoslovenskog portreta, 1—31. VIII
Љубљана, Изложба на членовите на ТДС EQURNA, Atrij magistrata, 8—20. IX
Удине (Италија), Intergraf, Galeria del Centro, 9. IX — 25. X
Никшиќ, 4. септемвриски ликовен салон на младите, Павиљон „Косовска девојка“, 17. IX — 5. X
Сеул (Кореја), 2. биенале на мала графика, Space Art Gallery, 1—15. IX
Љубљана, Изложба на ДСЛУ, Likovno Rastavišče Rihard Jakopič, XI — XII
Љубљана, Изложба на минијатурна графика, Galerija Labirint, 8. XII
1982/83 Белград, I биенале на југословенската студентска графика, Dom kulture — Studentski grad, 7. XII 1982 — 10. I 1983
1983 Љубљана, Изложба на ТДС EQURNA, Mestna galerija, 10. III — 10. IV
Скопје, Млади графичари, Дом на младите „25 мај“, 12—28. IV
Љубљана, Избрани појави во југословенскиот цртеж, Galerija Labirint, 16. VI
Љубљана, 15. меѓународно графичко биенале, Moderna galerija, 17. VI — 30. IX
Риека, 12. биенале на младите, Moderna galerija, 30. VI — IX
Никшиќ, Септемвриски ликовен салон на младите, Павиљон „Косовска девојка“, 17. IX
Тузла, 5. изложба на југословенски портрет, Galerija iugoslovenskog portreta, 2. X — 30. XI
Марибор, Млади '83, Rastavni salon Rotovž 18. X — 5. XI
Белград, Изложба на графика на членовите на EQURNA, Galerija Singidunum, 24. XI — 8. XII
1983/84 Мурска Собота, Групна изложба на членовите на EQURNA, Galerija Murska Sobota, 23. XII 1983 — 10. I 1984
Љубљана, Актуелност на фигурата, Likovno rastavišče Rihard Jakopič, XII 1983 — I 1984
1984 Сараево, Изложба на студентска графика на југословенските академии, Dom društvenih djelatnosti, II

Награди

1976 Студентска Прешернова награда за сликарство, Љубљана
1982 Награда на изложбата Млада генерација IV, Скопје
Награда — Голема диплома за графика на 2. Интернационален биенален фестивал на портрет, Тузла
Награда за графика на II биенале на мала графика, Сеул

Одбрана библиографија

Vladimir Gajšek, Večer, Марибор, 1981 (интервју); В. Каранфилов, Нè обединува ликовната уметност (интервју), Екран, Скопје, 16. IV 1982; Ivan Sedej, предговор за каталог, 1982; Марика Бочварова, Изложбата на млади графичари, Современост, Скопје, VI 1983, 6; Franc Zalar, Kaj ih druže, Ljubljanski dnevnik, Љубљана, 1983; Janez Mesesnel, Četverica, iščoč različne vsebinske in likovne poti, Delo, Љубљана, 26. VIII 1983; Jana Vesel, предговор за каталог, 1983; Meta Gabršek Prosenc, предговор за каталог (Млади '83), 1983; Brane Kovič, предговор за каталог, 1983; Aleksander Bassin, текст за мапата графики HOMO EROTICUS, 1983

TODORČE ATANASOV

Born 28th August 1953 in Sveti Nikole. Graduated from the Academy of Fine Arts in Ljubljana in 1977. Postgraduate studies in painting and graphics in 1979 and 1982.
Address: Gornji trg 30, 61000 Ljubljana
One-man exhibitions:
Maribor — 1976; Ljubljana — 1982, 1983 (twice)
Group exhibitions:
Participated in numerous group shows in the country and abroad: exhibitions of the students of ALU (Academy of Fine Arts) in Ljubljana (1976, 1977, 1978), Mantova, Belgrade, Edinburgh (1976/77); traditional and biennial exhibitions: Seoul (Corea), Belgrade, Ljubljana, Rijeka, Nikšić, Tuzla, Maribor, Pula, Cetinje, Bitola, Skopje, Šibenik; exhibited with the group Equrna in Ljubljana, Belgrade, Murska Sobota.
Prizes:
1976 — Student Prešern's prize for painting, Ljubljana
1982 — Prize at the exhibition „Young Generation IV", Skopje
Grand Prix at the 2 International Biennial Festival of Portrait, Tuzla
Prize for graphic at the 2 Biennial of Small Graphic, Seoul

## КАТАЛОГ
## CATALOGUE

### Слики
### Paintings

1. Фигура во сино, 1977
   Figure in blue
   масло на платно, 162x122

2. Старец, 1977
   Old man
   масло на платно, 197x139

3. Фигура I, 1978
   Figure I
   масло на платно, 160x130

4. Фигура II, 1978
   Figure II
   масло на платно, 160x130

5. Фигура III, 1978
   Figure III
   масло на платно, 130x190

6. Фигура IV, 1978
   Figure IV
   масло на платно, 160x130

7. Фигура V, 1978
   Figure V
   масло на платно, 183x133

8. Фигура, 1978
   Figure
   масло на платно, 116x147

9. Фигури, 1979
   Figures
   масло на платно, 160x130

10. Спортистка, 1979

    Sports girl
    масло на платно, 180x137

11. Три фигури, 1979
    Three figures
    масло на платно, 140x190

12. Фигури VII, 1979
    Figures VII
    масло на платно, 114x162

13. Фигури 80, 1980
    Figures 80
    масло на платно, 129x180

14. Две фигури, 1982
    Two figures
    масло на платно, 139x189

15. Диптих, 1982
    Diptych
    масло на платно, 160x260

16. Фигури I, 1983
    Figures I
    масло на платно, 116x162

17. Фигури II, 1983
    Figures II
    масло на платно, 140x180

18. Триптих, 1983
    Triptych
    масло на платно, 90x96,5x260

19. Фигура 83, 1983
    Figure 83
    масло на платно, 150x180

20. Фигури 84, 1984
    Figures 84
    масло на платно, 150x180

21. Женски акт, 1984
    Female nude
    масло на платно, 140x180

22. Фигура 84, 1984
    Figure 84
    масло на платно, 170x130

23. Две фигури, 1984
    Two figures
    масло на платно, 160x130

24. Диптих, 1984
    Diptych
    масло на платно, 80x220

### Графики
### Prints

1. Фигури I, 1979
   Figures I
   бакропис-акватинта, 70,5x100

2. Фигури III, 1979
   Figures III
   сува игла-акватинта, 70,5x100

3. Фигури IV, 1980
   Figures IV
   сува игла-акватинта, 70,5x92,5

4. Фигури V, 1980
Figures V
сува игла-акватинта, 50x70

5. Фигури IX, 1980
Figures IX
бакропис во боја-акватинта, 98x70,5

6. Фигури XI, 1980
Figures XI
бакропис во боја-акватинта, 70x99,5

7. Фигури XII, 1980
Figures XII
бакропис-акватинта, 70x100

8. Диптих, 1981
Diptych
бакропис во боја-акватинта, 70x99

9. Две фигури, 1981
Two figures
бакропис во боја-акватинта, 70x99

10. Фигури XVII, 1981
Figures XVII
сува игла, 69,5x99,5

11. Фигури XX, 1981
Figures XX
сува игла, 69,5x99,5

12. Фигури XXI, 1982
Figures XXI
бакропис во боја-акватинта, 70x99,5

13. Фигури XXII, 1982
Figures XXII
бакропис во боја-акватинта, 70x99,5

14. Фигури XXIV, 1982
Figures XXIV
бакропис во боја-акватинта, 70x99

15. Три фигури, 1982
Three figures
бакропис во боја-акватинта, 70x99

16. Ана и Роза, 1982
Ana and Roza
сува игла, 70x99,5

17. Две фигури 82, 1982
Two figures 82
сува игла, 49,5x70

18. Три фигури 82, 1982
Three figures 82
сува игла, 42,5x70

19. Мои пријатели I, 1983
My friends I
сува игла, 69,5x99

20. Мои пријатели II, 1983
My friends II
сува игла, 100x71

21. Фигури 83, 1983
Figures 83
бакропис во боја-акватинта, 50,5x71

22. Фигури, 1983
Figures
бакропис во боја-акватинта, 49x70

23. Фигури I, 1983
Figures I
бакропис во боја-акватинта, 32x45

24. Фигури II, 1983
Figures II
бакропис во боја-акватинта, 45x32

25. Фигури III, 1983
Figures III
бакропис во боја-акватинта, 32x45

Цртежи
Drawings

1. Цртеж I, 1982
Drawing I
туш, 70x100

2. Цртеж II, 1982
Drawing II
туш, 71x100

3. Цртеж III, 1982
Drawing III
туш, 100x71

4. Цртеж IV, 1982
Drawing IV
туш, 50x67

5. Цртеж V, 1982
Drawing V
туш, 55x49

на корицата:
19. Мои пријатели I, 1983, сува игла

издавач: музеј на современата уметност — скопје
одговорен уредник: слободанка парлиќ баришиќ
предговор, организација на изложбата и каталошки податоци: марика бочварова плавевска
превод на англиски: зоран петровски
фотографии: драго бац
ликовна опрема: стефан георгиевски
печат: графички завод „гоце делчев", скопје
тираж: 400

publisher: museum of contemporary art — skopje
editor-in-chief: slobodanka parlić barišić
preface, organization of the exhibition and catalogue: marika bočvarova plavevska
translated into english by: zoran petrovski
photographs: drago bac
lay-out: stefan georgievski
printed by: „goce delčev", skopje
copies: 400

